РЕПУБЛИКА МАКЕДОНСИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул.7ми септември бр.4 кон.тел/045 274 810 e-mail mak_brod @yahoo.com

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **04.05.2011година**
**Општина Македонски Брод** **Ммакедонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 4– 2011 год**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот**

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод**

**Се прогласува Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина МакедонскиБрод, што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.04.2011година .**

**Бр.08- 500/2/2**
**04.05.2011год**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 84 од Законот за градежно земјиште (`Сл.весник на РМ“бр.17/2011 и член 43 точка 7 0д Статутот на Општина Македонски Брод (`Сл.гласник бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011 год. донесе:

# П Р О Г Р А М А
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2011 ГОДИНА

В О В Е Д :
Програмаза уредување на градежно земјиште содржи:
1.Простор кој е предмет на уредувањето;
2.Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
3.Обем и степен на опременост на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;
4.Извори за финансирање на програмата;
5.Пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште;
6.Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
7.Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;
8.Динамика на извршување на програмата
9.Преодни и завршни одредби.

### 1. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕТО

**Како простор што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина М.Брод, утврдено со Плановите дефинирани во член 7, 50-а и 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (`Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07 , 91/09,124/2010 и 18/2011)**

### 2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Во ова поглавје се утврдува обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште, што опфаќа :
-Изработка и донесување на Урбанистички планови, Локални урбанистички документации, Архитектонско урбанистички проекти, проекти за комунална инфраструктура и Општи акти кои ги заменуваат плановите.
-Обезбедување на геодетски пологи и елаборати
-Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура.
-Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на објектите.
-Програмирање на уредувањето.

### 3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМЕНОСТ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременоста на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на

заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Приклучоците на објектот до приклучните места на примарната и секундарната мрежа : (водовод, канализација, и други), паѓаат на терет на инвеститорот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат негова сопственост.

Доколку постојат предходно изградени инсталации во склоп на градежната парцела, и е потребно нивно дислоцирање или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

Согласно уреденоста на градежното земјиште се определуваат следните степени (зони):

- **Повисок степен (прва зона)**
- **Основен степен (втора зона)**
- **Понизок степен (трета зона)**

**<u>Повисок степен (прва зона)</u>**

Во оваа зона се опфатени локации-градежно земјиште на улиците:

- ул.`Маршал Тито□ ,ул. `Партизанска□ и дел од ул.`Димитар Влахов□ (објетти заклучно со градски пазар и полициска станица) во Македонски Брод и

-Градежното земјиште предвидено за викенд зони определено со урбанистички планови на територијата на Општината.

**<u>Основен степен (втора зона)</u>**

Во оваа зона спаѓаат станатите делови од градот Македонски Брод покриени со Детални урбанистички планови и ул`Песјак□ (село Брод).

**<u>Понизок степен (трета зона)</u>**

Во оваа зона спаѓа градежното земјиште во останатите населени места на територија на општината Македонски Брод.

## 4.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата во Програмата за уредување на градежното земјиште за 2011 година се во согласност на Буџетот на општина Македонски Брод дефинирани во соодветните програми:

**Ф1 Урбанистичко планирање ................................................................ 1.000.000,00 ден.**<br>
**Ј3 Јавно осветлување........................................................................ 4.750.000,00 ден.**<br>
**Ј4 Јавна чистота.................................................................................70.000,00 ден.**<br>
**Ј6 Одржување и заштита на локални патишта и**<br>
**регулирање на режимот за сообраќај ................................................2.760.000,00 ден.**<br>
**ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта и улици ..........94.496.000,00 ден.**<br>
**ЈГ Изградба на системи за водоснабдување.........................................49.230.400,00 ден.**<br>
**ЈИ Изградба на системи за одведување и прочистување................. 1.150.000,00 ден.**<br>
**ЈН Одржување на урбана опрема.............................................................530.000,00 ден.**<br>
**Ф2 Уредување на градежно земјиште-одржување на други градби......400.000,00 ден.**

**Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило .................................720.000,00 ден.**
**ЈМ Паркови и зеленило (капитални расходи).......................................2.000.000,00 ден.**
**ЈЕ Изградба на простор за паркирање....................................................2.300.000,00 ден.**
**ГА Комерцијални објекти ........................................................................2.000.000,00 ден.**

**Вкупно 161.406.400,00 ден.**

## 5. РАСХОДЕН ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Во Програмата во 2011 г. ќе бидат опфатени:
-Локалитети на кои ќе продолжи реализацијата на обврските од претходните години
-Локалитети на кои ќе се отпочни со градба во 2011 год..
-Уредување на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приливот на сретствата, во обем и степен предвиден со оваа Програма преку следните потпрограми:

### Ф1 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

1. Изработка на урбанистички планови.................................................. **1.000.000,00 ден.**

**Вкупно Ф1 1.000.000,00 ден.**

### Ј3 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

1. Потрошена електрична енергија........................................................... **4.000.000,00 ден.**
2. Поправки и одржување на опремата.........................................................**750.000,00 ден.**

**Вкупно Ј3 4.750.000,00 ден.**

### Ј4 ЈАВНА ЧИСТОТА

Одржување на јавни прометни површини...................................................**70.000,00 ден.**

**Вкупно Ј4 70.000,00 ден.**

### Ј6 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ

1.Одржување на локални патишта и улици .................................................**2.760.000,00 ден**

**Вкупно Ј6 2.760.000,00 ден**

### ЈД ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

**ЈДО*Техничка документација(проекти,ревизија и елаборати)..........1.300.000,00 ден**

**-Изградба на мостови.........................................................................................500.000,00 ден.**

**ЈДА*Изградба и реконструкција на локални патишта и улици .......89.696.000,00 ден**

(Опфатени со Програмата за изградба,реконстрикција на локални патишта и улици на територијата на општината Македонски Брод за 2011 година.Средства од Светска банка,Европска банка за обнова и развој и средства од буџет на општина)

**Вкупно ЈД 94.496.000,00 ден.**

**Ј.Г.ИЗГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

**-За изградба на капацитети за водоснабдување (Средствата се од Програмата на Владата на РМ за водоснабдување од заемот од Европска банка за период 2011-2015 год)**
**...................................................................................................................48.080.400,00 ден.**

**-За реконструкција .........................................................................1.000.000,00 ден.**

**-За одржување ......................................................................................150.000,00 ден.**

**Вкупно ЈГО 49.230.400,00 ден.**

**ЈИ ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

1. **За изградба на канализација..........................................................1.000.000,00 ден.**
2. **За одржување ...........................................................................150.000,00 ден.**

**Вкупно ЈИ 1.150.000,00 ден.**

**Г.А. КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ**

**-Изработка на техничка документација..................................................1.000.000,00 ден.**
**-Изградба на објекти.............................................................................1.000.000,00 ден.**

**Вкупно ГА 2.000.000,00 ден.**

**ЈХ УРБАНА ОПРЕМА**
**-Набавка на урбана опрема..........................................................................30.000,00 ден.**
**-Урбана опрема катитални расходи ......................................................500.000,00 ден.**

**Вкупно ЈХ 530.000,00 ден.**

**Ф2 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**-Одржување на други градби ..................................................................400.000,00 ден.**

**ФЗ УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ**
**-Уредување на простор за рурален развој...............................................100.000,00 ден.**

**Ј7 ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО .....720.000,00 ден.**

**ЈМ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

**-За изработка на техничка документација ............................................1.000.000,00 ден**
**-За реконструкција ...........................................................................1.000.000,00 ден.**

**Вкупно ЈМ 2.000.000,00 ден.**

**ЈЕ ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**

**-За изработка на техничка документација ...............................................300.000,00 ден**
**-За изградба ...................................................................................2.000.000,00 ден.**

**Вкупно ЈЕ 2.300.000,00 ден.**

## 6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

Појдовната големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програмата зауредување на градежното земјиште**.**

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши по 1м2 нето корисна површина според важечките технички нормативи согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(Сл.весник 38/2011 год.).

Не се плаќа надомест за уредување на градежно земјиште за објекти што ќе ги гради Општина Македонски Брод и објекти ослободени со Одлука на Советот на Општина Македонски Брод.

По иницијатина на жителите на градот и населените места, а во услови кога истите се заинтересирани со месен самопридонес да учествуваат во уредувањето на градежното земјиште, населението ќе учествува со 20% од вредноста на комуналните објекти и инсталации.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на документ за сопственост и основен проект заверен од Општина Македонски Брод, се уредуваат со Договор склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на Општината.

До колку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци, по посебен трошковник, за уредунање на локацијата и на соодветниот дел од пошироката локација што ќе се регулира со Анекс кон договорот за уредување на градежното земјиште.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за приклучоци на комуналната инфраструктура.

## 6.1.ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Висината н трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, согласно оваа Програма, се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, а претставува збир на нето површина по м2 на подовите на сите простории во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со коефициентите (ден/м2), дадени во Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост(Сл.весник на РМ бр.38/2011).

Степенот на уреденост на градежно земјиште и висината на трошоците за:

**Повисок степен (прва зона)**

Во оваа зона се опфатени локации-градежно земјиште на улиците:

- ул.`Маршал Тито ,ул. `Партизанска и дел од ул.`Димитар Влахов (објетти заклучно со градски пазар и полициска станица) во Македонски Брод и

**Основен степен (втора зона)**

Во оваа зона спаѓаат станатите делови од градот Македонски Брод покриени со Детални урбанистички планови и ул`Песјак (село Брод).

**Понизок степен (трета зона)**

Во оваа зона спаѓа градежното земјиште во останатите населени места на територија на општината Македонски Брод,дадени се во следнава табела:

| Степен на уреденост | Вид на објекти | |
|---|---|---|
| | Станбени (ден/м$^2$) | Деловни, јавни, (ден/м$^2$) |
| Повисок степен (прва зона) | 700,00 | 1.800,00 |
| Основен степен (втора зона) | 600,00 | 1.200,00 |
| Понизок степен (трета зона) | 100,00 | 200,00 |

- Степенот на уреденост на градежно земјиште и висината на трошоците за градежното земјиште предвидено за викенд зони определено со урбанистички планови на територијата на општината Македонски Брод, дадени се во следнава табела:

| Степен на уреденост | Вид на објекти | |
|---|---|---|
| | Станбени (ден/м$^2$) | Деловни, јавни, (ден/м$^2$) |
| Повисок степен (прва зона) | 1.800,00 | 1.800,00 |

-Реконструција на сите видови на објекти се пресметува во висина од 30% од цената на соодветната зона.

-За стнбените објекти со висина П+2 ката, се дозволува предвдување на 2(две) гаражи (со квадратура од 2 х15=30,0 м2),и 2 (две) помошни простории (со квадратура од 2 х12=24м2).

**Стимулативна регулатива за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште**

-За изградба на објекти од група на класи на намени Г-производство,дистрибуција и сервиси:

-тешка и незагадувачка индустрија,лесна и незагадувачка индустрија,сервиси и стоваришта и

-За објекти од група на класи на намена Б-5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта,и за објекти од група на класи на намени А-4 хотел, мотел,планински дом и ловен дом инвеститорите ќе плаќаат средства за уредување на градежно земјиште во висина од 5% од Програмата

## 6.2.Распоред на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Во зависност од опременоста и опремувањето на градежното земјиште процентуалното учество на инфраструктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште изнесува:

-Објекти и инсталации од заедничко инвестирање 30%

-Објекти и инсталации од индивидуално инвестирање 70%, од кои за: фекална канализација 20%, атмосверска канализација 10%, водовод 12%, улично осветлување 10%, коловоз асвалт 37%, тротоари 11%.

Овој распоред на надоместок за уредување на градежното земјиште се однесува и за надоместок што е платен од претходни години.

Сопственикот на грдежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветна примарна или секундарна мрежа за индивидуално инвестирање од соодветно комунално претпријатие.До колку за постојните комунални инсталации,инвеститорот не добие писмена потврда за исправност на истата од соодветно комунално претпријатие, Општината ќе склучи Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за индивидуално инвестирање на инсталациите.

## 6.3. Надоместок изградба и реконструкција на комунални објекти.

Инвеститорите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод , електромрежа, ПТТ мрежа, кабловска мрежа, како и други видови објекти и

инсталации ќе плаќаат надоместок процентуално во висина на вредноста на предмепот и пресметката од проектот и тоа:

До 100.000 ден...........................................................................1,0%
Од 100.000 ден. До 500.000 ден...................................................0,6%
но не помалку од 1.000 ден.
Од 500.000 ден.до 1.000.000 ден..................................................0.5%
но не помалку од 3.000 ден.
Од 1.000.000.ден. до 5.000.000 ден..............................................0.3%
но не помалку од 5.000 ден.
Над 5.000.000 ден......................................................................... 0.2%

Висината на надоместокот на градежните работи да се определува со превземање на цените од тендерска документација.

Доколку Општината нема утврдени цени за определена градежна работа, истата ќе се определи според просечната цена од три субјекти во тековниот период.

Инвеститорите на градежни и грдежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации,урбано-санациони мерки и слични работи на кои не се засметува надоместок за уредување на градежното земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежно занатските работи, но не помалку од 1.000 денари.

### 6.4. Надоместок за изградба на објекти вон населени места и по ЛУПД,

Инвеститорите кои ќе градат во урбаното подрачје согласно на Урбанистичкиот план вон населени места или Локална урбанистичка планска документација во Општина Македонски Брод , ќе плаќаат надоместок за заедничко инвестирање во износ од 30% од Основниот степен. Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

### 6.5.Општи услови во уредувањето

При изградба на нови објекти, за кои претходно треба да се порушат стари објекти , од квадратурата која е предмет на наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште , се одбива 50% од квадратурата на постојниот објект, со што минималното учество во надоместокот на уредување , не може да биде помало од 50% од износот утврден со Програмата.

Во случај кога новиот објект зафаќа површина помалку од 50% од стариот објект се наплаќа 100 % од квадратурата што ја зафаќа новиот објект.

## 7.НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Во случај кога гадежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема или не е целосно изградена секундарната инфраструктура , а сопственикот на земјиштето инсистира сам со свои средства да ја гради истата согласно заверена техничка

документација за градење , должен е на Локалната самоуправа за изградената основна мрежа, да и надокнади трошок во висина од 30% од надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата и да овозможи на идните сопственици на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надоместок.

Инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам треба да биде технички примена од соодветнито комунално претпријатие и истата да ја предаде на локалната самоуправа без надоместок.

За изграден објект или комунална инфраструктура , која технички е примена и со неа стопанисува соодветно надлежно претпријатие, а по доставена соодветна признаница , на инвеститорот ќе му биде одбиен процент од индивидуалното задолжение за користење на тој објект или инсталација.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа без надоместок, да се овозможи приклучување на нови идни корисници на земјиштето, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

**7.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1.За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

2.Програмата влегува во сила на денот на донесување а ќе се објавувањето во `Сл. Гласник на Општина М.Брод□

Бр.07-500/2/1
29.04.2011 год
Македонски Брод

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина М.Брод
Анета Симеска Димоска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод** , што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.04.2011 година.

Бр.08 - 500 /2/2
04.05 . 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на чл.80 став1 од Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/09 , 124/10 и 18/11), и чл.36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “бр.5/02 ) и чл.__ од Статутот на општина М.Брод (,,Службен гласник на Општина М.Брод “ бр._2/03_), Советот на општина М.Брод на седницата одржана на _29.04._.2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод**

## I. Општи одредби

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стандардите за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод.

Член 2

Времените објекти и урбаната опрема може да се поставуваат согласно одредбите на законите, прописите донесени врз основа на Закон, стандардите во оваа одлука и условите, начинот и попстапката утврдени со посебни прописи.
Времените објекти и урбаната опрема може да се поставуваат и согласно посебни проекти, доколку таквите се изготвени за јавни површини од посебен интерес за градот.

Член 3

Поимите времени објекти и урбана опрема, употребени во оваа одлука се со значење определено во Законот за градење („Сл. весник на РМ” бр. 130/09, 124/10 и 18/11)).
Јавни површини се простори дефинирани во урбанистичките планови и означени со регулационни линии, на кои се изградени инвенстиционни и други инфраструктурни објекти во општа употреба, како и воздушниот простор над нив.
Како јавни површини во смисла на оваа Одлука се сметаат и неизградените површини чија намена е за општа употреба до реализација на нивната намена утврдена со урбанистичките планови.
Слободна проодна површина е дел од јавната површина наменет исклучиво за движење на пешаци на кои не смеат да се поставуваат времени објекти и урбана опрема.

Член 4

Одредбите на оваа Одлука се применуваат при поставување на времени објекти и урбана опрема на јавна површина, како и во случаи кога урбаната опрема е поставена на објекти или земјиште во сопственост, кога при вршење на дејноста се користи јавна површина како манипулативен простор (шалтерски или друг вид на давање на услуга надвор од регулационата линија). Исто така

Одредбите од оваа одлука се применуваат и при поставување на времени објекти и урбана опрема на земјиште кое се користи во јавна употреба.
Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на утврдените градежни парцели согласно деталниот урбанистички план каде организацијата на просторот се врши согласно планската и проектната докуметација (просториите на саеми, автобуски и железнички станици, трговски центри, индустриски и други јавни објекти).

**II.Општи стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема**

Член 5

Со поставување на времени објекти и урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелената површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.
Времените објекти и урбаната опрема во својот изглед и форма не смеат да го намалат естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава недозволена бучава и лоша миризба и негативни влијанија на околината и граѓаните.

Член 6

Поставување на времени објекти и урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и одстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Член 7

Површина што служи за употреба на времените објекти и урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна сосотојба
.

Член 8

При поставување на времени објекти и урбана опрема не смеат да се поставуваат бариери во просторот, кои можат да го попречат безбедносто движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лицата со хендикеп.
При поставување на времени објекти и урбана опрема не смее да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.
При поставување на времени објекти и урбана опрема не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

Член 9

Минималната широчина на јавната површина на која може да се поставaт времени објекти и урбана опрема изнесува 3,2 метри а за поставување на монтажно-демонтажен или типски објект од лесна конструкција, истата треба да изнесува минимум 4,5 м.
При поставување на времени објекти и урбана опрема, мора да се запазат следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,80 м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардинери, рекламни направи) односно 1,5 м до 2,5 м од рабникот на коловозот (за автобуски столајишта, киосци, дрвореди).
Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,4 м, а при поставување на настрешници и тенди, минималната височина изнесува 3,2 м над слободната проодна површина.

Член 10

Поставувањето на урбаната опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети стандардите од оваа одлука и условите од други прописи.
Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршување на работното време се одстранува од јавната површина.

Член 11

При поставување на времени објекти и урбана опрема на тротоари, мининималната слободна проодна површина од рабникот на коловозот изнесува 1,5 м, а во централното градско подрачје 2,5 м.
Исклучок претставуваат простории кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење за пешаци и бараниот протор за поставување на опрема (столчиња, денивелација и сл.), но просторот за движење неможе да биде помал од 1,2 м.
Широчината на слободната проодна површина на тротоарите, согласно став 1 на овој член се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека.
Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект широчината на проодната површина се мери од граничникот на дрвото или најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

Член 12

Поставувањето на времени објекти и урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0 м. од пресечената точка на двете регулационни линии. Доколку пешачката површина е поголема од 5,0 м. во радиусот на свртувањето, дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса, треба да се запази проодната

површина со ширина од 2,5 м. од работ на коловозот, односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

Член 13

При поставување на времени објекти и урбана опрема сопственикот е должен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски објект (електро-напојување, водоснаб-дување и канализација, мрежа за телефонија, електонски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите), односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата;
- примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно - демонтажни контруктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезен-тативност на времените објекти и урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови со ниско слиме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.
- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост кога земјиштето се користи во јавна употреба (член 4 став 1 од оваа одлука), согласно Закон.

Член 14

При поставување на времени објекти и урбана опрема, покрај стандардите утврдени со оваа одлука, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење, видот на дејноста која се врши и сл. Доколку површината за која се бара поставување на времени објекти и урбана опрема е во границите на опфатот на заштитеното подрачје или објект, или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави предходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштита на културно - историското наследство, односно на природата.

Член 15

Времените објекти се поставуваат согласно Програма и истите можат да бидат со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.
При поставување на времени објекти и урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на времените објекти и урбаната опрема.
Времените објекти и урбаната опрема може да бидат само приземни, со максимална висина на венец до 3,5 м и висина на слиме добиено со минимален нагиб, зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15 см.

## III. Посебни стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема

**Привремени паркинзи и природни патеки**

Член 16

Привремени паркинзи и природни патеки на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се одстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80м.).

**Платформи**

Член 17

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се во висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.
Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кои може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.
Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

**Сплавови-платформи за јавни настани на вода**

Член 18

Сплавови се површини поставени на вода поврзани со копно со максимална дозволена површина до 100 $м^2$. Се поставуваат сезонски и се користат како летна тераса или краткотрајно за одредени манифестации.

**Информативини паноа**

Член 19

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на Македонски Брод, возен ред и др.) и огласување за културно - уметнички, спортски и други манифестации.
Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.
Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

**Летни дискотеки**

Член 20

При нивно поставување важат општите и посебните стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени, шанкови и други објекти.
Се поставуваат со Програма донесена на Советот на општина Македонски Брод .

**Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед**

Член 21

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0 $м^2$, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0 $м^2$.

**Телефонски говорници**

Член 22

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати, можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.
Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите од став 1 на овој член изнесува 1,5 м х 1,5 м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**Монтажно-демонтажни типски објекти**

Член 23

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција се објекти со површина до 16,0 $м^2$, кои можат да се постават на одредени места. Монтажно-демонтажните објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи (без подготвка на храна).
Монтажно-демонтажните објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно-промотивни или деловно - информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.
Обликовни услови

Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба се со унифициран изглед и боја кои ќе

се определат со проект за поставување на времени објекти и урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол-тенда.
На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина нето поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50 см.
На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозолени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

Сообраќајни услови

Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаците инвалидите и возилата. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот минимум 1,5 м до 2,5 м, а од раскрсница минимум 10,0 метри од почетокот на радиусот за десно свтрување.

**Технички услови**

При попставување на монтажни објекти мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко. Бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на ел. енергија, приклучок на вода и канализација (мијалник-тоалет).

Подната, ѕидната и таванската облога, како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен и неотровен матријал кој не упива и кој лесно се чисти.

**Автобуски постројки**

Член 24

Поставувањето на автобуски постројки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0 $м^2$ до 16,0 $м^2$, и висина до 4,0 м, од ниво на тротоарот до врвот на покривачот.
Во зависност од фреквенцијата на сообраќајот има 3 типа на автобуски стојалишта и тоа:

Тип А – само автобуска постројка
Во рамките на овој тип има настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

Тип – Б – Автобуска постројка со билетарница

Во рамките на овој тип има билетараница настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

Тип – В – Автобуска постојка со киоск настрешница, клупа, корпа за отпадоци,

Во рамките на овој тип има киоск, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
Типот на автобуските постројки и микролокација каде ќе бидат поставени се одредува според планот на автобуски постројки кој го утврдува Советот на општина Македонски Брод .
При лоцирање на автобуските постројки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2,5 м.

**Објекти за обезбедување**

Член 25

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0 $м^2$. За нив важат стандардите са монтажно-демонтажни и типски објекти.

**Јавни санитарни јазли**

Член 26

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излези на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околките објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

**Тераси, шанкови и настрешници**

Член 27

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 142/2010) особено по однос на минималните димензии на пешачки површини – тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена , протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп, пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило ( возила на јавни служби).

За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истите може да се покриени со лесен материјал или елементите да се одстранат од јавната површина. При тоа се забранува складирање на урбаната опрема

покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улицата и негово натрупување на куп.

Член 28

На површината на која се поставува урбаната опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардинери, огради, настрешници или тенди.
Сите елементи на опремата што се поставуваат на летни тераси (маси, столици, настрешници, чадори, постаменти за чадори, жардинерии, огради и др.) несмеат да го поминуват работ на одобрената површина.
Исклучително, на пешачка зона , на плоштади и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летни тераси се поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборатот се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.
Јавна површина може да се користи за летна тераса ( вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летни тераси, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Член 29

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостотелство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5 м.

Член 30

Масите и столовите како елементи на летна тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитна зона може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Член 31

Сите направи за заштита од атмосферско влијание (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Член 32

Чадорите се со минимална слободна височина од 2,4 м. Чадорите за сонце поставени и отворени несмеат да ја надминат линијата на одбраниот простор, можат да ја накриват само одобрената површина и несмеат да бидат прицврстени на подлогата.

Член 33

Тендите се типски-монтажни елементи со механизам за собирање на тендите, конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летни тераси минималната слободна височина изнесува 3,2 м.
Поставена и монтирана тендата смее да го накриви само одобрениот простор за летна тераса.
Страните на тендата несмеат да се затварат со најлон или било каков друг материјал или фоксна конструкција која вертикално ќе се спушти од тендата заради формирање на зимска градина за јавна површина.

Член 34

Настрешницата е лесен монтажен-демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со механизам за собирање на настрешницата.
При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3,2 м.
Доколку се поставува настрешница, не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.
Страните на настрешницата не смеат да се затварат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Член 35

Оградите и жардинериите поставени на летна тераса не смеат да излегуваат со ниеден елемент надвор од одобрениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8 м.
Оградите и жандинериите треба да бидат изведени од квалитетен материјал со високо естетско ниво.
Во пешачката зона не се поставуваат огради и жардинерии кон пешачката зона, односно истите се поставуваат само помеѓу соседни летни тераси.

**Покриени и отворени шанкови**

Член 36

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, покрај водни и рекреативни површини.
Покриени и отворени шанкови не смета да се прицврстат за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација, со претходна согласност од ЈП и организации кои стопанисуваат со инфраструктурата.
Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летната тераса.

**Самостоечките рекламни паноа**

Член 37

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ( „ Сл. весник на РМ” бр. 54/07, 86/09, 98/08 и 64/09).

**Опрема за забава на деца**
**и детски игралишта**

Член 38

Опремата за забава на децата може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено градежно земјиште) во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.
Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

**Фонтани, чешми, клупи и**
**корпи за отпадоци**

Член 39

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници со поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.
Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбана опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постројки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.
Покрај клупите за луѓето со хендикеп потребно е да има обезбеден страничен поплочен простор со димензија 1,0 м x 1,2 м.
Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени на светилки или фасади на објекти.

**Паркиралишта за велосипеди**

Член 40

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди.

**Жардинерии, граничници**

Член 41

Жардинерии со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.
Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се одстранат од просторот.
Максималната висина на жардинериите и граничниците е 0,80 м.

**Тезги**

Член 42

Тезгите се лесно подвижни елементи на урбана опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определен со посебени елаборати и служат за продажба на соодветни производи со пригодна намена. Не е дозволено продажба на храна.
Тезгите треба да се со унуфициран изглед и боја соодветна на спецификатите на ликацијата. Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 м2 и се поставуваат и одстрануваат по завршување на дејноста.
Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезот на јавни, деловни и станбени објекти.

**Елементи за изложување на производи**

Член 43

Елементи за изложување на производи се витрини, полици и фрижидери.
Елементите за изложување на производи се поставуваат на јавни површини пред трговски локали, по правило во широчина на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.
Елементи за изложување на производи се поставуваат пред локалот.
Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита , конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.
Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвара на било кој начин (најлони, застаклување и слично).

Член 44

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Македонски Брод".

Бр.__07-500/2/2__

__29.04.2011 година

Претседател на

Совет на Општина Македонски Брод

Анета Симеска – Димоска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за утврдување на потребата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за утврдување на потребата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод , што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.04.2011 година.

Бр.08 - 500 /2/2
04.05 . 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на чл.80 став1 од Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/09 , 124/10 и 18/11), и чл.36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “бр.5/02 ) и чл.__ од Статутот на општина М.Брод (,,Службен гласник на Општина М.Брод “ бр._2/03_), Советот на општина М.Брод на седницата одржана на _29.04._.2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потребата од поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод**

Член 1

Со оваа одлука се урврдува потребата за поставување урбана опрема и за условите и постапката за оздавање на одобрение за постаување урбана опрема на јавни површини на подрачјето на општина Македонски Брод.

Член 2

Потребата за поставување на урбана опрема во смисла на оваа Одлука се смета за утврдена доколку за нејзиното поставување се исполнети општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод, предвидени со Одлуката за утврдување станарди за поставување времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод, како и условите и постапката утврдени со оваа Одлука и доколку нивното поставување е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон во поглед на вршењето на дејност пред или надвор од деловниот простор.

Член 3

Поставувањето на урбана опрема се врши врз основа на одобрение за поставување урбана опрема.
Одобрението од став 1 на овој член го издава Градоначалникот на општина Македонски Брод.

Член 4

За добивање одобрение за поставување урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на општина Македонски Брод.
Кон барањето за одобрение се приложуваат:

- заверен елаборат за поставување урбана опрема;
- одобрение за вршење дејност;
- доказ за регулирање на плаќањето на комунална такса.

Член 5

Времетраењето на одобрението за поставување урбана опрема може да биде:
- дневно, за време од 24 часа;
- краткотрајно, за период до 30 дена;
- сезонско, за период од 3 до 7 месеци;

- годишно, за период до 1 година;
- долгогодишно, за период од 1 до 5 год.

Член 6

Одобрението за поставување урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е дадено доколку:

- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување, како и спротивно на условите на оваа одлука;
- престане важноста на одобрението за вршење на дејноста; и
- не се постапува по акти на надлежни инспекции, издадени во вршење на инспекциски надзор во рамките на нивните овластувања.

Во случаите од ства 1 на овој член, ново одобрение нема да се издаде во наредниот период од 6 (шест) месеци.

Член 7

Јавната површина за која се однесува издаденото одобрение за вршење дејност и за поставување урбана опрема, имателот на одобрението не смее да ја издаде или пренесе на користење во
подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој правен акт.

Член 8

Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа одлука вршат овластениот градежен и овластениот комунален инспектор на оштина Македонски Брод, во рамките на нивните законски овластувања.

Член 9

Правните лица, трговци поединци и физичките лица, што имааат поставено урбана опрема на јавни површини, должни се да го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рок од 1 месец од денот на нејзиното влегување во сила.
Доколку лицата, во рокот од став 1 на овој член, не добиле одобрение за поставување урбана опрема, должни се јавната површина што ја користеле веднаш да ја ослободат од поставената урбана опрема, во спротивно истата ќе биде одстранета на нивен трошок.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 07-500/2/3 — Совет на Општина Македонски Брод

29.04.2011 година — Претседател,

Анета Симеска – Димоска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за проширување на дејноста на ОУ,Дом на култура,, - Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за проширување на дејноста на ОУ,Дом на култура,, - Македонски Брод , што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.04.2011 година.

Бр.08 - 500 / 3
04.05 . 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.2/03),Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29 Април 2011 година,донесе

**О Д Л У К А**
**За проширување на дејноста на ОУ „Дом на култура„ МакедонскиБрод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се проширува дејноста на ОУ Дом на културата Македонски Брод од Македонски Брод.

**Член 2**

Проширувањето на дејноста се однесува на отворањето на музеј во состав на ОУ „Дом на култура Македонски Брод„ од Македонски Брод.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07-500/2-6
29 Април 2011 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Анета Симеска-Димоска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект Фотоволтна електроцентрала на м.в „ Орница„ КО Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект Фотоволтна електроцентрала на м.в „ Орница„ КО Македонски Брод , што** Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 29.04.2011 година.

Бр.08 - 500 / 3
04.05.2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член ___ т.__ од Статутот на општината Македонски Брод и член 15-а ст. 2 и член 50-а ст. 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05 ,137/07,91/09,124/10 и 18/11 год.), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011 год.ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект Фотоволтна електроцентрала на н.в.„Орница“ КО Македонски Брод**

1.Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (во понатамошен текст:ЛУПД), на дел од КП бр.1621 на м.в.„Орница“ за КО Македонски Брод, за формирање на градежна парцела за изградба на објект Фотоволтна електроцентрала во Македонски Брод.

2.Се овластува Градоначалникот на општината Македонски Брод г-дин Милосим Војнески да организира јавна анкета и јавна презентација на Локалната урбанистичката планска документација за изградба на објект Фотоволтна електроцентрала во Македонски Брод.

3.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр.07-500/2/5
29.04.2011 год.

Совет на општина Мак.Брод
П р е т с е д а т е л,
Анета Симеска –Димоска с.р.

Врз основа на поднесената Завршна сметка за 2010година на средно општинско училиште ООУ„Св.Климент Охридски„ Советот на општина Македонски Брод на седницта одржана на ден 29.04.2011 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Завршната сметка за 2010година на ООУ„Св.Климент Охридски„, Македонски Брод**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година во целост ја разгледа и донесе ЗАКЛУЧОК з**а усвојување на Завршната сметка за 2010година на СОУ„Св.Климент Охридски„, Македонски Брод.**

**Бр.07- 500/2/7**
**29.04.2011год**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска Димоска с.р.**

Врз основа на поднесената Завршна сметка за 2010година на општинска установа ОЈУДГ„7ми септември„-М.Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницта одржана на ден 29.04.2011 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Завршната сметка за 2010година на ОЈУДГ„7ми Септември„ Македонски Брод**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година во целост ја разгледа и донесе ЗАКЛУЧОК з**а усвојување на Завршната сметка за 2010година на ОЈУДГ„7ми Септември„, Македонски Брод.**

**Бр.07- 500/2/8**
**29.04.2011год**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска Димоска с.р.**

Врз основа на поднесената Завршна сметка за 2010година на општинска установа ОУ„Дом на култура„-М.Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницта одржана на ден 29.04.2011 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Завршната сметка за 2010година на ОУ„Дом на култура„ Македонски Брод**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година во целост ја разгледа и донесе ЗАКЛУЧОК з**а усвојување на Завршната сметка за 2010година на ОУ„Дом на култура„ Македонски Брод.**

**Бр.07- 500/2/9**
**29.04.2011год**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска Димоска с.р.**

Врз основа на поднесената Завршна сметка за 2010година на средно општинско училиште СОУ„Св.Наум Охридски„ Советот на општина Македонски Брод на седницта одржана на ден 29.04.2011 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Завршната сметка за 2010година на СОУ„Св.Наум Охридски„, Македонски Брод**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година во целост ја разгледа и донесе ЗАКЛУЧОК з**а усвојување на Завршната сметка за 2010година на СОУ„Св.Наум Охридски„ Македонски Брод.**

**Бр.07- 500/2/10**
**29.04.2011год**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска Димоска с.р.**

Врз основа на поднесената Завршна сметка за 2010година на општинска установа ЈП„Водовод и канлаизација„-М.Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницта одржана на ден 29.04.2011 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Завршната сметка за 2010година на ЈП„Водовод и канализација„ Македонски Брод**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година во целост ја разгледа и донесе ЗАКЛУЧОК з**а усвојување на Завршната сметка за 2010година на ЈП„Водовод и канализација„ Македонски Брод.**

**Бр.07- 500/2/11**
**29.04.2011год**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска Димоска с.р.**

Врз основа на поднесеното барање од страна на М.З Самоков ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година по опширна дискусија од страна на советниците по доставеното барање од М.з с.Самоков донесе ЗАКЛУЧОК за изработка на техничка планска документација за реконструкција на водоводната мрежа за промена на металните цевки со пластични со учество на финансиски средства за изработка на истата од 20% на М.З Самоков . По изработка на документацијата ќе може да се аплицира за обезбедување на средства за реконструкција на водоводната мрежа во с.Самоков.

Бр.07- 500/2/12
29.04.2011година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Анета Симеска Димоска с.р.

Врз основа на поднесеното барање 07-386/1 од страна на М.З. с.Д.Манастирец ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година по опширна дискусија од страна на советниците по доставеното барање од М.з с.Д.Манастирец донесе ЗАКЛУЧОК општина Македонски Брод во рамките на своите можности да превземе постапки за реализација на барањата и тоа/

1.Санација на ограда на мостот на р.Треска на влезот за д.Мнастирец на рег.пат Брод – Самоков
2.асфалтирање - поправка на патот кој се користи за Г.Манастирец , манастирот , с.Тополница , Томиноселo и Сушица
3.Инсталирање на 5-6 сијалични места за кои има поставено бандери

Бр.07- 386/2/1
29.04.2011година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Анета Симеска Димоска с.р.

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.04.2011година по предлог и опширна дискусија од страна на советниците и Градоначалникот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК за реконструкција на кровот и зградата во која е сместено ЈП„Водовод и канализација„- Македонски Брод.

Бр.07- 500/2/13 — Совет на општина Македонски Брод
29.04.2011година — П р е т с е д а т е л,
Македонски Брод — Анета Симеска Димоска с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2011 година ........................................................................................ стр.2

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод ... стр.11

Одлука за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод ............................................ стр.12

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потребата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод .................................. стр.24

Одлука за утврдување на потребата од поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод ....................................................................................... стр.25

Заклучок за прогласување на Одлуката за проширување на дејноста на ОУ „Дом на култура " – Македонски Брод .......................................................................................... стр.27

Одлука за проширување на дејноста на ОУ „Дом на култура" – Македонски Брод .........
……………………………………………………………………..……………стр.28

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект Фотоволтна електроцентрала на м.в. „Ораница" КО Македонски Брод ..................................... стр.29

Одлука за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект Фотоволтна електроцентрала на м.в. „Ораница" КО Македонски Брод ............................................................................................. стр.30

Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2010 година на ООУ „Св.КлиментОхридски" Македонски Брод ............................................................. стр.31

Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2010 година на ОЈУДГ „7-ми Септември" Македонски Брод ........................................................................................ стр.32

Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2010 година на ОУ „Дом на култура" Македонски Брод ............................................................................................................. стр.33

Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2010 година на СОУ „Св.Наум Охридски" Македонски Брод ........................................................................................ стр.34

Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2010 година на ЈП „Водовод и канализација" Македонски Брод .................................................................................. стр.35

Заклучок ..................................................................................................................... стр.36

Заклучок ..................................................................................................................... стр.37

Заклучок ..................................................................................................................... стр.38